ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-642/1
03-02-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година донесе

Одлука

Постапката по предметот со број 08-1871/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1871/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1871/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ______________ по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ____________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службен весник на РСМ, по што констатира дека лицето ________________ е разрешено од вршење на функцијата член на Управниот одбор на ______________________ со Решение бр.14-13373/1 од 31.12.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ“ бр.11/25.

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека лицето _______________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ___________________________ не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето _________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1871/2 од 01.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1871/3 од 01.09.2025 година, по што истите се уредно примени од страна на наведеното лице на ден 12.09.2025 година, по кој истата не постапила.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-2794/5 од 02.12.2025 година, со кое сторителот _________________ ја прогласи за одговорна со изрекување на прекршочна санкција опомена, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk